РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

# Етички кодекс

## за претседателот и членовите на Државната комисијата за спречување корупција

# ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој кодекс се уредуваат основните етички начела, правила и стандарди на однесување на претседателот и членовите на Државната комисијата за спречување на корупција (во понатамошниот текст: Комисијата)

Член 2

(1) Целта на овој кодекс е зачувување и афирмирање на достоинството и угледот на Комисијата, на претседателот и членовите на Комисијата
(2) Овој кодекс има за цел и да ја зголеми довербата на граѓаните и јавноста во основните вредности за кои ќе се залагаат, како и во интегритетот на претседателот и членовите на Комисијата.

# ОСНОВНИ ЕТИЧКИ НАЧЕЛА

Член 3

Претседателот и членовите на Комисијата во вршењето на својата функцијата ги почитуваат и се придржуваат до основните етички начела, стандардите и правилата за професионално однесување, како што се: непристрасност и неутралност во работењето, самостојност во вршењето на задачите, лојалност кон комисијата, транспарентност, доверливост и судир на интереси.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

## Непристрасност и неутралност во работењето

### Член 4

(1) Претседателот и членовите на Комисијата се непристрасни и неутрални при вршењето на својата функција

(2) При донесување на одлуки во вршење на работите од својата надлежност и при постапувањето на основа на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и при вршењето на други работи определени со закон, претседателот и членовите на Комисијата ќе се раководат од соодветни, правилни и разумни оцени на фактичката ситуација, без предрасуди, остварување на свои или други интереси, страв или закани од било каква природа или било каков извор, вклучително и од лица кои што се засегнати со одлуката или решението.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата ја извршуваат својата функција на политички неутрален начин и не застапуваат свои и други политички уверувања во вршењето на функцијата и при службените контакти;

(4) Претседателот и членовите на Комисијата во односите со физички и правни лица како и во односите со другите членови на Комисијата и административните службеници не ја искажува, истакнува или посредно ја става на знаење својата припадност кон одредена политичка партија;

(5) Претседателот и било кој член на Комисијата не бара од другите членови на Комисијата и од административните службеници во Комисијата да се придружат кон одредена политичка партија, ниту ги поттикнува да го сторат тоа

## Самостојност и објективност во вршењето на задачите

### Член 5

(1) Претседателот и членовите на Комисијата одлуките ги донесуваат самостојно и објективно, врз основа на утврдување на фактите и околностите на основа на примена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и законите и прописите кои важеле во конкретен случај и на начин и во постапка утврдена со закон или подзаконски акт донесен од страна на Комисијата;

(2) Претседателот и членовите на Комисијата работите ги извршуваат самостојно и објективно, врз основа на примена на законите и прописите кои важеле во конкретен случај и на начин и во постапка утврдена со закон или подазконски акт донесен од страна на Комисијата;
(3) Претседателот и членовите на Комисијата во вршење на работните задачи што се во надлежност на Комисијата должен е да го одбие секој притисок или обид за влијание кое има за цел да се донесе одлука во нечиј интерес или на нечија штета, без разлика од каде доаѓа притисокот или влијанието;
(4) Претседателот и членовите на Комисијата на седница ќе донесат одлука да се објави и обзнани притисокот и обидот за влијание;
(5) Доколку претседателот и членовите на Комисијата сознаат дека јавноста добила погрешна претстава дека постапиле по некакво или нечие влијание во постапка по одлука донесена од страна на Комисијата, тоа јавно ќе го објават.

## Лојалност на членовите кон Комисијата[1]

### Член 6

(1) Претседателот и членовите на Комисијата се должнида бидат лојални, да работат и да се однесуваат во цел на заштита на јавниот интерес, на угледот на Комисијата и на нивниот личен углед.
(2) Претседателот и членовите на Комисијата при постапувањето лојално ќе и работат за Комисијата и за нејзините цели утврдени со Законот и ќе ги почитуваат другите закони и национални институции и авторитетот на граѓаните и на носителите на функции.
(3) Претседателот и членовите на Комисијата нема во негативен контекст да зборуваат за нивната функција и за Комисијата.
(4) Комисијата ќе ги штити интегритетот, угледот и честа на претседателот и на членовите на Комисијата кога тие се загрозени од трето лице.

[1] http://www.emafel.com/img/hmp/documentos/recomendação%2010.pdf


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

(5) Претседателот и членовите на Комисијата ќе ги искажуваат своите мислења и ставови во подготвителниот период за некоја одлука, преку еден сеопфатен партиципативен процес, заснован на меѓусебно почитување;
(6) Претседателот и членовите на Комисијата се должни секоја донесена одлука да ја почитуваат и спроведуваат на најефикасен и најефективен можен начин, според поставените одредници, без разлика на нивните професионални или приватни ставови по тоа прашање;
(7) Претседателот и членовите на Комисијата нема намерно да прифатат или да доставаат погрешни и/или непроверени информации за кои што знаат дека би можеле да влијаат врз одлуките на Комисијата;
(8) Претседателот и членовите на Комисијата нема во медиумите намерно да доставуваат погрешни и/или непроверени информации за кои знаат дека и можеле да влијаат врз перцепцијата на јавноста за одлуки, предмети и постапки на Комисијата
(9) Претседателот и членовите на Комисијата нема да оддаваат информации за предмети кои што се разгледуваат, и особено ќе бидат внимателниво комуникација со лица за кои што Комисијата има надлежност да постапува, има отворени предмети или знаат дека се планира да се отвори предмет.
(10)Правото на слободно изразување на претседателот и членовите на Комисијата не е ограничено и ќе биде во склад со обврската за лојалност кон Комисијата
(11) Претседателот и членовите на Комисијата при јавен настап ќе избегнат ситуација во која што личните ставови можат да бидат перцепирани како официјален став на Комисијата, со должно нагласување дека изразува личнен став.

## Транспарентност

### Член 7

(1) Комисијата редовно ја известува јавноста за својата работа преку средствата за јавно информирање и веб страницата на Комисијата, на прес-конференции, брифинзи, преку соопштенија и други форми за известување


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

(2) Комисијата е отворена во своето работење со цел јавноста да може да се информира за нејзините активности и начинот на кој членовите ги исполнуваат своите одговорности

(3) Комисијата ги почитува одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и има назначено лице за контакт за информации од јавен карактер

(4) Документите со кои се уредува начинот на работа и одлучување на Комисијата се јавно достапни на веб –страницата на Комисијата или на барање на јавноста

(5) Податоците за имотната состојба на претседателот и членовите на Комисијата ќе бидат достапни за јавноста и засегнатите страни и ќе бидат достапни на веб – страницата на Комисијата

## Доверливост на информациите

Член 8

(1) Претседателот и членовите на Комисијата нема да пренесуваат било какви информации (усмено или во вид на пишани документи, аудио и електронски документи) за предметите коишто се разгледуваат или ќе се разгледуваат на трети лица.

(2) Претседателот и членовите на Комисијата нема да ги злоупотребуваат информациите добиени по службена должност за остварување на лични цели и интереси како и цели и интереси на други лица;

## Судир на интереси

Член 9

(1) Претседателот и членот на Комисијата нема да дозволат финансиски интерес или каква било друга форма на интерес утврдена со закон, за него, за неговото семејство, роднините, пријателите, за физички и правни лица со кои има или претходно имал деловни врски, да дојде во судир со неговата/нејзината функција;

(2) Претседателот и/или членот на Комисијата е/се должни да ја известат Комисијата во случај на судир на интереси и да побара да биде изземен од постапување и одлучување по определен предмет и процедурата да се одвива според Деловодникот за работа на Комисијата

## ОДНЕСУВАЊЕ ВО ВРШЕЊЕТО НА ФУНКЦИЈАТА

Член 10

(1) Претседателот и членовите на Комисијата во вршењето на функцијата и меѓусебната комуникација ќе постапуваат со почит кон ставовите и мислењата на другите било да се носители на јавна функција, административните и јавни службеници со кои соработуваат и/или граѓаните и претставници на граѓанскиот сектор;

(2) Претседателот и членовите на Комисијата и надвор од службата се однесува примерно и достоинствено, избегнувајќи секакво однесување кое би го довело во прашања угледот и довербата во Комисијата и во функцијата која што ја извршуваат и ќе избегнуваат дејствија или активности кои се во судир со закон или со етичките норми и кои би можеле да бидат причина за негова или туѓа лична уцена со цел да се влијане врз неговите одлуки и вршењето на работните задачи.

## ОДНОС СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Член 11

(1) Претседателот и членовите на Комисијата во меѓусебната комуникација со административните службеници од стручната служба во рамки на Комисијата ќе се

однесуваат со почит и ќе ги уважуваат нивните стручни ставови и мислења во поглед на работните задачи.

(2) Претседателот и членовите на Комисијата нема од вработените во стручните служби да бараат извршување на работни задачи кои се во спротивност на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Уставот и законите на РСМ, како и работни задачи кои што не се во описот на работното место на вработените.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата нема директно или индиректно од вработените во стручните служби да бараат извршување на работна задача која што има за цел прибавување на лична корист за себе или за други лица

(4) Доколку вработен во стручна служба добие барања наведени во параграфите (2) и (3) должен е да го одбие и да го пријави претседателот и членовите на Комисијата согласно Законот за заштита на укажувачите.

## ОДНОС СО ЛИЦА ЗА КОИ СЕ ВОДИ ПОСТАПКА

Член 12

(1) Претседателот и членовите на Комисијата ќе контактираат со лицата за кои се води постапка во согласно со правилата за работа и деловникот на Комисијата. Претседателот и членовите на Комисијата доследно ќе ја пријават секоја средба со лица за кои што има отворен предмет или имаат сознанија дека ќе се отвори предмет од страна на Комисијата, како и со лица кои што се во блиска релацијата (блиски лица согласно законот за Спречувањена корупцијата и судирот на интереси) со лицата за кои има отворено предмет.

(2) Средбите на претседателот и член на Комисијата со лица за кои се води постапка ќе бидат во просториите на Комисијата, во присуство на друг член на Комисијата или пак претставник на стручната служба, со цел да се избегнат лице в лице средби

(3) По исклучок и со претходно одобрување од страна на претседателот на Комисијата средби со лица закои се води постапка можат да бидат надвор од седиштето и


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

службените простории на Комисијата. За овие средби се составува писмена информација.

(4) Претседателот и членовите на Комисијата нема да оддаваат дополнителни информации за предметите за кои што се води постапка од она што е официјален став на Комисијата, изразен преку средствата за информирање

## ЗАБРАНА ЗА ПРИМАЊЕ НА ПОДАРОЦИ

Член 13

Претседателот и членот на комисијата не смее да ја користи својата функција заради остварување на имотна, финансиска или друга корист за себе или за друг, како и да бара и да прима подароци за вршењето на својата функција

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Член 14

(1) Претседателот и членовите на Комисијата во комуникацијата со јавноста се однесуваат професионално, отворено и љубезно, и ги презентираат официјалните податоци и информации со кои што располага или ги усвоила Комисијата.

(2) При изразување на лични ставови и мислења, претседателот и членот на Комисијата е должен да го напомене тоа, да не се остави простор личните ставови да бидат перцепирани како официјален став на Комисијата.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата во комуникација со јавноста обезбедуваат заштита на јавниот интерес како и заштита на личниот углед и угледот на институцијата која што ја претставува


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИ

Член 15

(1) Претседателот и членот на Комисијата кој смета дека од него се бара да постапува спротивно на Законот или на одредбите од овој кодекс, тоа го пријавува на седница на Комисијата која заеднички одлучува за преземање на понатамошни мерки.
(2) Претседателот и членот на Комисијата известува на седница на Комисијата доколку смета дека постои кршење на одредбите од овој кодекс од страна на друг член на Комисијата;
(3) Членот на Комисијата доколку смета дека постои кршење на одредбите од овој кодекс од страна на претседателот може да го извести Заменикот или друг член, како и да постапи согласно Законот за заштита на укажувачите.
(4) Пријавувањето на кршење на одредбите на овој кодекс мора да биде засновано на основани сомневања за незаконско или противправно работење во рамки на функцијата
(5) Претседателот и член на Комисијата кој пријавил основани сомневања од став 1 и 2 со чесни намери, не може да биде повикан на одговорност за пријавувањето

## ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА КОДЕКСОТ

Член 16

(1) За спроведување на одредбите од овој Кодекс се формира Етичка комисија составена од тројца членови на Комисијата. Етичката комисија утврдува одговорност за непочитување на одредбите од овој Кодекс.
(2) Пострапка за утврдување на повреда на одредбите на Кодексот се поведува во рок од 15 дена од дознавањето за повредата по одлука на Комисијата.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

(3) Доколку член или заменик на член на Етичката комисија е предмет на пријава, или во случај на изземање, улогата на членот што се повикал на судир на интереси ја засема неговиот/нејзиниот заменик.

(4) Утврдувањето на одговорноста за непочитување на одредбите на кодексот од страна на член на Комисијата се врши врз основа на материјални докази или исказ од страна на сведоци, а членовите на Етичката комисија се изјаснуваат поединечно за одговорноста.

(5) Етичката комисија донесува одлука за утврдување на одговорност образложена со основаноста на фактите и исказите на членовите

(6) Доколку се утврди одговорност за непочитување на одредбите на кодексот од страна на претседателот или член на Комисијата, претседателот на Етичката изрекува санкција за непочитување на кодексот која што во зависност од тежината на прекршокот може да биде:

- Интерна Опомена пред членовите на Комисијата
- Јавна опомена, која што се објавува на веб-страницата на Комисијата

Забелешка за прекршок на етичкиот кодекс, ќе биде внесена во работното досие на членот на Комисијата


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

# ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 17

Овој Кодекс влегува во сила со неговото усвојување од страна на Државната комисија за спречување на корупција.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**

**Билјана Ивановска**

**Датум и место**

**________________, Скопје**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk